**Проф. д-р Александра Деаноска Трендафилова**[1]

# РЕХАБИЛИТИРАНИ ОД ОСУДАТА ИЛИ ЗАБОРАВЕНИ ВО КАЗНЕНИТЕ ЕВИДЕНЦИИ?

(За потребата од востановување нов концепт на рехабилитација на осудени лица во македонското казнено законодавство)

**1.01 Изворна научна статија**

**УДК 343.294(497.7)**
**343.294(4)**

***Апстракт***

*Предмет на анализа на овој труд е казненоправниот институт рехабилитација на осудени лица. Со настапување на рехабилитацијата, осудените лица се враќаат во општеството како претходно неосудувани, правните последици од осудата престануваат, а самите податоци за лицето и осудата се бришат од казнената евиденција. Рехабилитацијата може да настапи ex lege (законска рехабилитација) и по одлука на суд (судска рехабилитација). Авторот на трудот дава приказ на сознанија од претходни истражувања и други релевантни извори, ја анализира македонската законска рамка, законодавствата на неколку странски држави, а ги елаборира и правните акти на ЕУ што се однесуваат на оваа материја или на комплементарни институти. На крајот, врз основа на целата анализа и дискусија, авторот дава предлози за менување на одредбите од Кривичниот законик (и други правни прописи) предлагајќи суштински поразличен концепт од досегашниот.*

**Клучни зборови:** рехабилитација, осуда, бришење, евиденција.

## 1. Вовед

[1] Редовен професор на Институтот за казнено право на Правниот факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

Рехабилитацијата на осудени лица како општ казненоправен институт е неоправдано „заборавена“ во истражувањата што се спроведуваат во казненоправната наука кај нас. Од друга страна, легитимно се наметнуваат неколку прашања во казненоправните, криминолошките и социолошките дебати во оваа сфера: Како да се стигне од осудено лице до полноправен граѓанин? Кои се фазите на ваквиот премин? *Дали „втората шанса“ е реалност и дали од белегот на осуденоста, воопшто, може да се избега?*

Лицето осудено за кривично дело е носител на прекорот за неговото противправно и/или противдолжносно однесување, кој доаѓа и од општеството, заедницата, но и од системот на казнена правда. Таквиот прекор е олицетворен преку вината за стореното дело на која, консеквентно, ѝ се надоврзува изречената санкција со чие извршување се очекува сторителот да се „раздолжи“ со општеството и потоа повторно да се врати во него како чесен граѓанин. Но, враќањето во општеството не може да биде едноставно и брзо, иако осуденото лице би морало да биде прифатено од заедницата, особено по остварување на правдата и ретрибуцијата демонстрирана низ соодветна санкција.

Рехабилитација претставува враќање во поранешен правен статус, односно повторно воспоставување на фикцијата на неосудуваност на граѓанинот.[2] Во литературата се среќаваат и попрагматични и попластични дефиниции, како што е, на пример, дефиницијата дека рехабилитацијата е институт што се состои во укинување на правните последици од осудата и бришење на самата осуда, со што лицето се смета за неосудувано.[3] Но, прашањето дали осуденото лице засекогаш ќе го следи стигмата на осуденик, како што веќе нагласивме, легитимно се поставува.

Рехабилитацијата е значаен казненоправен институт тесно поврзан со прашањето за положбата на осуденото лице по издржаната, простената или застарената казна.[4] Спротивно на некои лаички гледишта, дека со издржувањето на казната осудениот се враќа во општеството уживајќи ги сите права што им припаѓаат на граѓаните воопшто, стои реалната ситуација дека осуденото лице по издржаната казна, освен што останува такво во меморијата на заедницата, па и на целото општество, зависно од неговата функција и положба во државата, ја носи таа стигма уште долго, најчесто засекогаш; покрај тоа, него уште извесно време го следат т.н. правни последици од осудата што се

[2] Камбовски, В., Казнено право – општ дел, Скопје, 2011, стр. 534.
[3] Jović, M., Krivično pravo – opšti deo, Beograd, 2008, стр. 465.
[4] Камбовски, В., Казнено право – општ дел, Скопје, 2011, стр. 534.

манифестираат како загуба на определени претходно стекнати права (најчесто со правосилноста на самата осудителна пресуда) или забрана за стекнување права што се манифестира со години по осудата, односно ги опфаќа забраните за стекнување права. Нашето законодавство предвидува правните последици од осудата да траат најмногу 10 години.[5]

Оттука, за воспоставување на фикцијата на чесен граѓанин, релевантна е рехабилитацијата со чие настапување, како што експлицитно се истакнува во некои законодавства, граѓанинот што претходно бил осуден ги ужива сите права, без никакви ограничувања, како и другите граѓани.

Рехабилитацијата, како институт, во својата филозофско-политичка основа го има фактот што за „простување" на сторителот на кривично дело од страна на заедницата и општеството е потребно време придодадено на самото издржување на казната или извршување друга санкција. Се разбира, за потешки дела и потешки санкции потребно е да помине повеќе време пред да се врати осудениот во друштвото на чесни граѓани што доследно ги почитуваат правните норми.

Тука, всушност, доаѓаме до роковите по чие истекување настапува или може да дојде до рехабилитација, во зависност од тоа што конкретно е предвидено во законодавството на државата, дали таа ќе настапи по сила на закон или по одлука на суд.

**Цел и методолошка рамка.** Целта на овој труд е да се оцени состојбата со законското уредување на институтот рехабилитација во македонското казнено законодавство и да се дадат предлози за унапредување на правната рамка. Тоа ќе се постигне најпрвин преку анализа и приказ на основните сознанија за институтот што е предмет на истражување од селектирана стручна и научна литература, и тоа доминантно странски извори, поради фактот што овој институт е ретко истражуван во македонската казненоправна наука – тој се среќава само во учебниците по казнено право и во уште мал број трудови (коментари и сл.). Потоа, ќе биде направена споредбена правна анализа преку компаративен метод, која треба да даде одговор на прашањето дали глобално постои генерално прифатен концепт на рехабилитација на осудени лица. Преку анализа и на одредени аспекти на уредување и корелација на рехабилитацијата со други институти, како што е бришењето на осудата, правните последици од неа и казнената евиденција, на крајот ќе се сублимираат сознанијата и ќе се синтетизираат аргументирани предлози за законски измени.

---

[5] Ibid., стр. 530-534.

**Краток осврт врз сознанија и заклучоците од претходни релевантни стручни и научни извори.** Во многу истражувања и трудови е констатирано дека многу осудени лица вечно остануваат во лавиринтите во кои се втурнати поради своето криминално минато и по извршувањето на казната.

Така, на пример, американскиот професор Џејкобс Б. Џејмс (Jacobs B. James) во своето познато дело „Вечното криминално досие“[6] истакнува дека се проценува дека над шеесет милиони Американци се наоѓаат во сенката на своите претходни осуди, односно во сенката на нивното неизбришано криминално минато, иако со години по тоа не демонстрирале криминално дејствување, биле лојални граѓани и имаат значајни достигнувања на многу други полиња. Тој истакнува дека и осудените лица имаат свои права што не смее да бидат загрозени од погрешното водење на казнените евиденции.

Во истражувањето на Бартон, Кален, Пикет (Burton, Cullen, Pickett) и други со наслов „Надвор од вечното криминално досие: поддршката на јавноста за бришење“,[7] кое се надоврзува на претходно споменатото дело на Џејкобс, се истакнува дека кај испитаниците што биле дел од истражувањето е висока поддршката за бришење на осудите на лица што не сториле ново кривично дело во периодот од 7 до 10 години, кои поминале рехабилитациски програми, нашле стабилно вработување и слично, со што демонстрирале способност да се вратат во општеството, особено ако стореното кривично дело е од имотен карактер или е поврзано со користење наркотични дроги. Кога станува збор за осуденици за кривични дела на сексуална злоупотреба на деца, сепак, мнозинството од испитаниците (околу 73 %) сметаат дека за ваквите дела, осудата не треба никогаш да биде избришана. Генерално, во ова истражување се заклучува дека Американците веруваат во втора шанса, особено ако претходно осудените лица демонстрирале добро однесување што е сигнал дека тие повеќе не се закана за јавната сигурност.[8]

Авторите нагласуваат дека во последните години, многу американски сојузни држави направиле измени во законодавството или донеле нови посебни закони со кои се предвидуваат условите и начините за бришење на криминалните досиеја.[9]

---

[6] Jacobs, B. James, The Eternal Criminal Record, Harvard University Press, 2015, ISBN 9780674368262.

[7] Burton, Alexander L., Cullen, Francis T., Pickett, Justin T., Burton, Jr. Velmer S., Thielo, Angela J., Beyond the eternal criminal record: Public support for expungement, Criminology & Public Policy, American Society of Criminology, 2021, 20: 123-151.

[8] Ibid, стр. 22.

[9] Ibid, стр. 1.

На пример, сојузните држави Јута, Њу Џерси и Калифорнија во 2019 година донесоа закони според кои се предвидува автоматско бришење на осудите по определен период (5 години во Јута и 10 години во Њу Џерси за определени кривични дела); слично и Пенсилванија во 2018 година.[10] Ваквите решенија претставуваат облик што соодветствува на т.н. законска рехабилитација во системот на европското континентално право.

Прашањето дали определени осуди може засекогаш да останат во казнената евиденција е предизвик со кој се соочува и Европскиот суд за човекови права. Анализирајќи некои позначајни пресуди за прашања што се помалку или повеќе поврзани со оваа област,[11] но имајќи ги предвид и оние за кои Судот од Стразбур допрва треба да се произнесе, словенечкиот професор Јуриј Топлак (Jurij Toplak)[12] истакнува дека овие прашања се разгледуваат низ призмата на чл. 8 од Европската конвенција за човековите права и основните слободи.[13] Топлак го истакнува генералното гледиште на Судот дека и во поглед на казнените евиденции и во поглед на други бази на податоци (криминални досиеја, ДНК-бази на податоци за осудени лица итн.), препорачливо е тие да се чуваат ограничено време, а не засекогаш и смета дека многу е веројатно државите што предвидуваат неможност за бришење одредени осуди да се најдат поради тоа пред Европскиот суд за човекови права во догледно време.[14]

Хрватската професорка Драгичевиќ Пртењача (Dragičević Prtenjača)[15], пак, ја истакнува поврзаноста на правните последици од осудата со рехабилитацијата, односно нагласува дека кога ќе настапи рехабилитација, правните последици престануваат. Но, како што може да се заклучи, ограничувањето на траењето на правните последици од осудата на 10 години во хрватското законодавство не соодветствува со настапувањето на рехабилитацијата. Имено, за некои дела може првите да престанат, а рехабилитација сè уште да не настапила и обратно, да настапи рехабилитација, а сè уште да траат правните последици од осудата, па смета дека треба да дојде до воедначување на

---

[10] Prescott, J.J., Starr, B. Sonja Expungement of Criminal Convictions: An Empirical Study, University of Michigan 2020, достапно на: https://repository.law.umich.edu/articles/2165, стр. 6.

[11] Gaughran v. the United Kingdom, Trajkovski and Chipovski v. North Macedonia, hudoc.echr.coe.

[12] Toplak, Jurij, The ECHR and the right to have a criminal record and a drink-drive history erased, Strasbourg Observers, 2020, достапно на: https://strasbourgobservers.com/2020/05/20/the-echr-and-the-right-to-have-a-criminal-record-and-a-drink-drive-history-erased/.

[13] European Convention on Human Rights, CoE, 1950, чл. 8.

[14] Toplak, Jurij, The ECHR and the right to have a criminal record and a drink-drive history erased, Strasbourg Observers, 2020.

[15] Dragičević Prtenjača, M., Lice i naličje pravnih posljedica osude u Hrvatskoj, ZPR 8 (3) 2019; 211-235, достапно на: https://hrcak.srce.hr/file/356818.

роковите. Во првиот случај, иако законски не настапила рехабилитација, де факто осуденото лице е предвремено рехабилитирано.

Ваквите одредби предизвикуваат сериозни полемики и кај други автори.[16]

За настапување на рехабилитацијата е потребно исполнување најмалку два услови што се присутни во сите законодавства што го познаваат овој институт: условот на извршување на казната и условот на протекување определен временски рок.[17] Во српската литература, законската рехабилитација се определува како укинување на правните последици од осудата и бришење на осудата од казнената евиденција, кое го покренува и го решава органот надлежен за водење на казнената евиденција. Ваквиот облик на рехабилитација е предвиден само за одреден број, по правило, полесни осуди, додека, пак, за останатите осуди е можна само судска рехабилитација.[18]

**Основна хипотетска рамка.** Сознанијата и наодите од истражувањата на различни автори, дел од нив кратко прикажани погоре, се во насока на основната хипотеза на овој труд дека *институтот рехабилитација (и поврзаните институти: бришење на осудата, правни последици од неа) не е концептуализиран на единствен начин во компаративното право и дека се среќаваат низа недоследности во остварувањето на неговата фундаментална идеја и филозофско-правна основа*.

## 2. Рехабилитацијата и бришењето на осудата според македонското казнено законодавство

### 2.1 Кривичен законик

Рехабилитацијата најчесто може да биде законска и судска, иако во одредени држави се пристапува кон акцентирање на законската рехабилитација, а значително редуцирање или дури и напуштање на судската рехабилитација.

Согласно македонскиот Кривичен законик, постојат и двата вида рехабилитација: законска и судска рехабилитација.[19] Чл. 103 од Кривичниот законик стипулира дека рехабилитацијата на осудено лице може да настапи по сила на закон (законска

---

[16] Подетално в. Kurtović Mišić i dr. (2010), Novosti kod instituta pomilovanja, pravnih posljedica osude, rehabilitacije i davanja podataka iz kaznene evidencije, Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu, vol. 19, br. 2, 720-725.

[17] Jakšić, D. Pehabilitacija u krivičnom pravu Srbije, UDK: 343.294, достапно на: https://scindeks-clanci.ceon.rs/data/pdf/0354-8872/2014/0354-88721402187J.pdf.

[1818] Ibid, стр. 5.

[19] Кривичен законик, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18.

рехабилитација) или врз основа на судска одлука (судска рехабилитација) и дека таа значи и предвремен престанок на казните што се состојат во забрани и на казната протерување странец од земјата, предвремен престанок на правните последици од осудата и бришење на осудата од казнената евиденција.

Со донесувањето на Кривичниот законик во 1996 година, повторно се внесува во македонското казнено законодавство фикцијата на неосудуваност, односно според ст. 3, рехабилитираното лице се смета за неосудувано, а податоците за бришаната осуда не се даваат никому.[20] Со рехабилитацијата не се засега во правата на трети лица што се засноваат врз осудата.

Македонскиот систем на рехабилитација е конципиран на тој начин што законската рехабилитација е предвидена да настапи само за, условно речено, полесните дела и осуди, додека, пак, судската рехабилитација за повисоки затворски казни. Во таа смисла, согласно член 104, осудата за изречената алтернативна мерка, освен условна осуда и осудата со која сторителот на кривичното дело е ослободен од казна, се бришат од казнената евиденција ако осудениот во рок од една година од денот на правосилноста на судската одлука не стори ново кривично дело. Условната осуда, пак, се брише од казнената евиденција по една година откако ќе помине времето за проверка ако за тоа време осудениот не стори ново кривично дело. Осудата на парична казна и казната забрана за управување со моторно возило, изречена како единствена казна, се брише од казнената евиденција кога ќе поминат три години од денот на извршената, застарената или простената казна ако за тоа време осудениот не стори ново кривично дело. Осудите на затвор до три години се бришат од казнената евиденција кога ќе поминат пет години од денот на издржаната, застарената или простената казна ако за тоа време осудениот не стори ново кривично дело.

Доколку едно лице има повеќе осуди, тие може да се бришат од казнената евиденција само истовремено, и тоа ако постојат услови за бришење на секоја од тие осуди.[21]

Судската рехабилитација, пак, е опфатена со чл. член 105, согласно кој е предвиден рок од три години од денот на издржаната, застарената или простената казна за да може судот да определи да престанат правните последици од осудата што се однесуваат на забраната на стекнување определени права. Привремената забрана за

---

[20] Камбовски, В., Казнено право – општ дел, Скопје, 2011, стр. 535.
[21] Кривичен законик, чл. 104, ст. 5.

вршење одделна дејност на правното лице, судот може да одлучи да престане по протекот на две години од денот на примената на казната, а по протекот на две години од денот на примената на следните казни за правни лица: забрана за добивање дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон, забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство, забрана за основање нови правни лица или забрана за користење субвенции и други поволни кредити, судот може да одлучи забраните да престанат пред истекот на рокот на времето за кое се изречени.

Судот може да одлучи да настапи судска рехабилитација по протекот на три години од денот на применувањето на казните забрана за вршење на професија, дејност или должност и забрана за управување со моторно возило и времено протерување странец од земјата, како и на казната трајна забрана за вршење дејност на правното лице.

*Дали последново значи дека со судска рехабилитација де факто може да се преиначи трајната забрана за вршење дејност на правното лице во привремена забрана (која истекла)?!*

Што се однесува до осудите на казна затвор над 3 години, судска рехабилитација може да настапи по одлука на суд, а по претходно поднесена молба во следните рокови што се сметаат од денот на издржаната, застарената или простената казна за казна затвор, и тоа:

- рок од пет години за казната затвор над три години до пет години;
- рок од десет години за казна затвор над пет години до десет години;
- рок од 20 години за казна затвор над десет години до 20 години и од 40 години, ако во тоа време осудениот не изврши ново кривично дело.

При одлучувањето за бришењето на осудата, судот ќе води сметка за поведението на осудениот по издржаната казна, за природата на кривичното дело и за другите околности што може да бидат од значење за оцената за оправданоста на бришењето на осудата, на пример, околноста дали ја надоместил штетата, дали ја вратил имотната корист итн.[22]

За да настапи де факто рехабилитацијата, *conditio sine qua non* е бришење на осудата или со други зборови, бришењето на осудата е ништење, уништување каков било запис за осудата од казнената евиденција, со што фактички се оневозможува да се дојде до податоци за осудата или да се дадат некому такви податоци.

[22] Ibid., чл. 105, ст. 5 и 6.

Бришењето на осудата е конкретна консеквенција, манифестација на рехабилитацијата зошто го исцрпува нејзиното значење.

### 2.2 Закон за кривичната постапка

Законот за кривичната постапка (во натамошниот текст: ЗКП) во главата XXXV ги регулира постапките за донесување одлука за пократко траење на казната на забрана, престанување на правните последици од осудата и бришење на осудата.

Според членот 543, кога според законот, бришење на осудата настапува со изминување определено време и под услов осудениот во тоа време да не стори ново кривично дело, судот по службена должност донесува решение за бришење на осудата како орган надлежен за водење на казнената евиденција, при што претходно ќе ги изврши потребните проверки, ќе собере податоци за тоа дали против осуденото лице е во тек кривична постапка за некое ново кривично дело сторено пред истекот на рокот предвиден за бришење на осудата. Во поглед на законската рехабилитација, ЗКП предвидува судот да донесе решение за бришење на осудата, а доколку не донесе такво решение, осуденото лице може да бара да се утврди дека бришење на осудата настапило според законот.[23] Зачудувачки, но ЗКП предвидува за ваквото барање судот да одлучи по испитувањето на јавниот обвинител ако постапката се водела по негово барање. Нејасно е зошто е ова потребно, кога е ирелевантно мислењето на јавниот обвинител, имено, тоа не е предвидено како законски услов, затоа што законската рехабилитација судот треба само да ја констатира, односно таа настапува *ex lege*.

Во одредбите од чл. 545 до 548 е утврдена постапката за бришење на осудата, постапката за пократко траење на казните за забрана за вршење професија, дејност или должност, забрана за управување со моторно возило или за престанување на правните последици на осудата, како и рокот за поднесување ново барање (по истекот на 1 година) во случај да се одбие молбата на осуденото лице за судска рехабилитација.[24]

## 3. Рехабилитацијата и бришењето на осудата во компаративното право

### 3.1 Велика Британија

---

[23] Подетално в. Закон за кривичната постапка, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/10, 100/12, 142/16 и 198/18, чл. 543, 544.
[24] Ibid, чл. 543-548.

Британскиот парламент уште во 1974 година го донел Законот за рехабилитација на лица осудени за кривични дела[25] согласно чии одредби се овозможува т.н. бришење, односно „игнорирање“ одредени осуди по истекот на определено време, доколку во споменатиот период осуденото лице не стори ново кривично дело.

Согласно чл. 4 од овој Закон, во неговата оригинална форма во која е усвоен, лицето што станало рехабилитирана личност во однос на осудата ќе се третира како лице што не го извршило делото или не било обвинето или гонето или осудено за делото или делата што биле предмет на таа осуда; и, без оглед на одредбите на кој било друг закон, ниеден доказ нема да биде прифатлив во која било постапка пред судски орган што ја врши својата јурисдикција или функции во Велика Британија за да докаже дека тоа лице извршило или било обвинето или гонето за дело или осудено за кое било дело што било предмет на бришана пресуда; и во ниедна таква постапка нема да се праша некое лице, и, ако е сепак прашано, нема да се бара да одговори на кое било прашање поврзано со неговото минато на кое не може да се одговори без признавање или повикување на бришана осуда.[26]

Со други зборови, рехабилитираното лице повторно ја востановува пресумпцијата на чесен граѓанин, а бришаната осуда не смее да се земе предвид како доказ или основа за поврат во друга постапка.

Роковите за рехабилитација се точно определени со гореспоменатиот правен акт што бил предмет на измени низ годините. Поточно, првично предвидените рокови се скратени, и тоа во 2012 година со Законот за правна помош, санкционирање и казнување на сторители на кривични дела.[27] Измените влегоа во сила во 2014 година.

Решенијата по измените на споменатиот акт се во следната насока: за изречени санкции, односно мерки во корист на заедницата, како и за санкциите што опфаќаат лишување од слобода (затворање) се зема предвид периодот на траење на изречената мерка, односно санкција и на тоа се додава одреден временски период; ова е поправедно и поиндивидуализирано решение во споредба со стариот систем. Имено, според старото решение, периодот на рехабилитација за осуди во времетраење до 6 месеци изнесуваше 7 години, додека, пак, за осуди од 6 до 30 месеци изнесуваше 10 години. Осудите над 30 месеци, согласно законот, не се бришеа.

---

[25] Rehabilitation of Offenders Act 1974, UK Public General Acts 1974, c.53, достапно на: https://www.legislation.gov.uk/ukpga/1974/53/section/4/enacted.
[26] Ibid, чл. 4.
[27] Legal Aid, Sentencing and Punishment of Offenders Act 2012, UK Public General Acts, 2012, достапно на: https://www.legislation.gov.uk/ukpga/2012/10/part/3/chapter/8.

Новините, како што споменавме, донесоа поразлични, но и поблаги решенија. Така, на пример:

- за осуди до 6 месеци, периодот на рехабилитација изнесува колку што изнесува времетраењето на казната плус 2 години;

- за осуди од 6 до 30 месеци (вклучително и 30 месеци), периодот на рехабилитација изнесува колку што изнесува времетраењето на казната плус 4 години;

- за првпат се предвидува можност за рехабилитација и бришење на осудите над 30 месеци, но до максимум 48 месеци (4 години) и тој период изнесува колку што изнесува времетраењето на казната плус 7 години.

Осудите на казна затвор над 4 години во Велика Британија не се бришат.

Што се однесува до другите санкции, кои не опфаќаат лишување од слобода (незатворски санкции), за мерките во корист на заедницата и мерките за рехабилитација на млади лица, како и за паричната казна, рокот изнесуваше 5 години, за ослободување од казна (absolute discharge) 6 месеци, додека, пак, за условната осуда, како и наредбите – мерки на заштитен надзор, најчесто колку што трае самата мерка или во фиксно кратко времетраење, на пример, една година.[28]

Новите решенија, пак, се следниве: за мерките во корист на заедницата и мерките за рехабилитација на млади, како и за паричната казна, рокот изнесува колку што е времетраењето на мерката плус 1 година; за ослободување од казна (absolute discharge) нема рок, односно тоа веднаш се смета за избришана осуда, додека, пак, за условната осуда, како и наредбите – мерки на заштитен надзор, најчесто колку што трае самата мерка.

Рехабилитација и бришење на осудата е предвидено и за деца. Во чл. 139 од Законот за правна помош, санкционирање и казнување на сторители на кривични дела[29] се определени и роковите за рехабилитација кај осудени лица на возраст помалку од 18 години, и тоа: за изречена казна затвор над 30 месеци, но до 48 месеци, рокот изнесува 42 месеци (3 години) по издржување на казната, за затвор над 6 до 30 месеци, рокот е 2 години по издржување на казната, а за затворски казни до 6 месеци, рокот изнесува 18 месеци по издржување на казната.

### 3.2 Германија

[28] Rehabilitation of Offenders Act 1974, чл. 5.
[29] Legal Aid, Sentencing and Punishment of Offenders Act 2012, чл. 139.

Законската рехабилитација во Германија е решена на начинот претставен подолу. Германското казнено законодавство познава категоризација на казнените дела, односно поделба на полесни кривични дела (престапи) и потешки кривични дела (злосторства). Ваквата класификација е востановена во германскиот Кривичен законик во чл. 12.[30]

Роковите по чие истекување се бришат осудите од казнената евиденција се востановени во Законот за централниот казнен регистар и регистар на воспитни мерки,[31] па согласно чл. 46 од споменатиот Закон, осудите на казна затвор најчесто се бришат по истекот на 15 години, додека, пак, пократки рокови се предвидени за (условно речено) пократки казни, и тоа, на пример: по 10 години се бришат парични казни или затвор над 3 месеци за воени лица, затвор за деца над 1 година, како и детски затвор, без оглед на времетраењето за одредени дела против половиот морал; по 5 години се бришат осудителните пресуди со кои се изрекува парична казна до 90 дневни глоби, затвор на воен персонал до 3 месеци, како и одредени казни за деца и млади што не влегуваат во претходната категорија и други полесни санкции (мерки). Но, бришење по 20 години е предвидено за одделни сексуални деликти (особено ако се против сексуалната самоопределба или против деца).

Значи, во Германија, главно бришењето на осудите од казнената евиденција и настапувањето на т.н. законска рехабилитација се врши по протек на 5, 10, 15 или 20 години, во зависност од видот и висината на казната.[32]

### 3.3 Словенија

Одредбите за законска и судска рехабилитација, како и за давањето податоци од казнената евиденција се опфатени со поглавјето: Рехабилитација, бришење на осудата и услови за давање податоци од казнената евиденција од словенечкиот Кривичен законик.[33]

Во чл. 82 е наведено дека со законската рехабилитација, осудата се брише од казнената евиденција и престануваат сите нејзини правни последици, а осудениот се смета за неосудуван. Осудата се брише од казнената евиденција по истекот на определен

---

[30] Види: Strafgesetzbuch, чл.12, достапно на: https://www.gesetze-im-internet.de/stgb.

[31] Bundeszentralregistergesetz – BZRG, Federal Central Criminal Register Act (Federal Law Gazette I, p. 1229, 1985 I, p. 195), изменет во 2020 (Federal Law Gazette I, p. 2075).

[32] Act on the Central Criminal Register and the Educative Measures Register, достапно на: https://www.gesetze-im-internet.de/englisch_bzrg/englisch_bzrg.html.

[33] Kazenski zakonik (KZ-1-NPB4), (неофицијален пречистен текст), чл. 82-84, достапно на: https://zakonodaja.com/zakon/kz-1/82-clen-zakonska-rehabilitacija-in-izbris-obsodbe. Во основниот закон, нумерацијата на овие членови е 102-104, види на: http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO905.

рок, кој тече од моментот на извршената, застарената или простената казна, доколку осудениот во овој рок не стори ново кривично дело.

Словенечкото казнено законодавство ги предвидува следните рокови: една, три, пет, осум, десет и петнаесет години. Не се бришат од казнена евиденција осудите на повеќе од 15 години затвор, а споменатите рокови се однесуваат на следните дела:

- за осуда со која на сторителот му е изречена судска опомена и за осуда со која сторителот е ослободен од казна – една година од правосилноста на судската одлука;
- за условна казна – една година од истекот на рокот за проверување;
- за парична казна, споредна казна или затвор во траење до една година – три години;
- за казна затвор повеќе од една година до три години – пет години;
- за казна затвор над три години до пет години – осум години;
- за казна затвор над пет до десет години – десет години;
- за казна затвор над десет до петнаесет години – петнаесет години.

Доколку се изречени и мерки на безбедност, осудата не може да се избрише од казнената евиденција додека траат тие. Мерките на безбедност, кои се самостојно изречени, главно се бришат по три години.

Концептот на судска рехабилитација во Словенија е сосема поразличен од нашиот. Треба да се има предвид дека сè повеќе законодавства се потпираат на законската рехабилитација за речиси сите осуди, а судската ја редуцираат или генерално ја напуштаат.

Според чл. 83 од словенечкиот Кривичен законик, на барање на осуденото лице, судот може да одлучи осудата да се избрише од казнената евиденција и осуденото лице да се смета за неосудувано ако истече половина од законскиот рок, по што осудата се брише ако осудениот не сторил ново кривично дело. При одлучувањето за бришење, судот ќе го земе предвид однесувањето на осуденото лице по издржувањето на казната, природата на кривичното дело и другите околности од значење за бришењето на осудата. Со други зборови, во постапка за судска рехабилитација, судот одлучува за евентуално предвремено бришење на осудата, односно во пократок рок од оној предвиден за законска рехабилитација.

Во поглед на давањето податоци од казнената евиденција на лице за негови потреби, словенечкиот Кривичен законик тоа експлицитно го предвидува, без

ограничување во поглед на тоа дали тие му се потребни за остварување права во земјата или во странство.

### 3.4 Хрватска

Во последната деценија, Република Хрватска ја карактеризира период на реформи на казненото законодавство. Новиот Кривичен законик на Хрватска е донесен во 2011 година, со почеток на примена од 2013 година,[34] а многу казненоправни институти најдоа свое место во посебни закони. Така, на пример, беа донесени и Законот за правните последици од осудата, казнената евиденција и рехабилитацијата,[35] Законот за одговорност на правните лица за казнени дела,[36] Законот за постапката за одземање на имотната корист остварена со казнено дело и прекршок[37] и други.[38]

Поради отсуството на политика на кодификација на казненото законодавство во сферата на материјалното казнено право, Хрватска нема Кривичен законик, туку Казнен закон.

Значи, прашањето на рехабилитацијата и сè што е поврзано со неа како институт (правни последици од осудата, водење казнена евиденција и бришење на осудата) е предмет на посебен легислативен акт. Имајќи предвид во колкав обем и со каква минуциозност во Хрватска е пристапено кон овие прашања, ваквото номотехничко решение се чини сосема оправдано.

Иако Хрватска е блиска до нас во поглед на системот, претходната заедничка историја и сл., сепак многу се разликува во начинот на кој ги решила овие прашања, што е резултат на значителните измени по осамостојувањето и приклучувањето на ЕУ како полноправна членка.

Денес, Хрватска, системот на рехабилитација главно го заснова врз законската рехабилитација што е предвидена за сите видови осуди, без оглед на времетраењето на

[34] Kazneni zakon Hrvatske, NN 125/11, 144/12, 56/15, 61/15, 101/17, 118/18, 126/19, 84/21, достапно на: https://www.zakon.hr/z/98/Kazneni-zakon.

[35] Zakon o pravnim posljedicama osude, kaznenoj evidenciji i rehabilitaciji, pročišćeni tekst zakona, NN 143/12, 105/15, 32/17, достапно на: https://www.zakon.hr/z/554/Zakon-o-pravnim-posljedicama-osude,-kaznenoj-evidenciji-i-rehabilitaciji.

[36] Zakon o odgovornosti pravnih osoba za kaznena djela, pročišćeni tekst zakona, NN 151/03, 110/07, 45/11, 143/12, достапно на: https://www.zakon.hr/z/110/Zakon-o-odgovornosti-pravnih-osoba-za-kaznena-djela.

[37] Сепак, во делот на одземањето имот, Хрватска се врати на решението таквите одредби да бидат дел од казненото процесно законодавство.

[38] Повеќе види на: zakon.hr.

казната затвор. Целиот систем е во согласност со релевантните акти на ЕУ (Рамковната одлука бр. 315 од 2009 и Одлуката на Советот на ЕУ бр. 316 од 2009 година).

Одредбите за рехабилитацијата се опфатени во Глава III, чл. 18-20 од Законот за правните последици од осудата, казнената евиденција и рехабилитацијата. Според чл. 18, се афирмира начелото *praesumptio boni viri,* односно со настапување на законската рехабилитација повторно се воспоставува претпоставката на чесен граѓанин за лицето чија пресуда е избришана и во поглед на неговите права и слободи не може постојат разлики споредено со правата и слободите на лицата што не сториле кривично дело.

Доколку сторителот на кривичното дело не е повторно осуден за ново кривично дело, рехабилитацијата настапува по сила на закон (*ex lege*) кога ќе истечат следните рокови:

- 20 години од денот на издржаната, застарената или простената казна долготраен затвор;

- 15 години од денот на издржаната, застарената или простената казна затвор од десет години или повеќе;

- 10 години од денот на издржаната, застарената или простената казна од три години или повеќе;

- 5 години од денот на издржаната, застарената или простената казна од една година или повеќе и казна малолетнички затвор;

- 3 години од денот на издржаната, застарената или простената казна затвор до една година, од денот на плаќањето на паричната казна, од истекот на пробниот период, од денот на извршувањето на општокорисната работа и од денот на правосилноста на решението за ослободување од казна.

Во Хрватскиот закон експлицитно се нагласува дека по истекот на горенаведените рокови, сторителот на кривичното дело ќе се смета дека не е осуден и се забранува секаква употреба на податоци за лицето како сторител на кривичното дело, а евентуалната употреба на таквите податоци нема правно дејство. Во ваков случај, рехабилитираното лице има право да ја негира претходна осуда и за нејзиното негирање не смее да одговара или да има какви било правни последици. Со ова, законодавецот јасно застанува во заштита на граѓаните и нивните права кога надлежните институции нема по службена должност да донесат соодветна одлука за рехабилитација што настапила *ex lege*, односно по сила на законот.

Сепак, за одредени кривични дела, Законот предвидува и подолги рокови за настапување на рехабилитацијата, односно двојни рокови доколку лицето е сторител на

кривично дело полово злоупотребување и искористување на детето, сексуални деликти против ранливи жртви или на суров или понижувачки начин, трговија со деца, одредени други дела против децата, против нивното здравје, како и за сексуалните дела според претходниот Казнен закон од 1997 година.[39]

Доколку настапи рехабилитација за време на мерката за безбедност, податоците за осудата се бришат со датумот на рехабилитацијата, а податоците за мерката за безбедност се бришат по истекот на мерката за безбедност.

Интересно е тоа што Хрватска, целосно усогласена со релевантните правни акти на ЕУ, како централно тело за водење на казнената евиденција го има определено Министерството за правда, па во чл. 20 се предвидува решение за рехабилитација да донесе Министерството, по службена должност, по истекот на роковите предвидени со законот.

Доколку се случи Министерството да нема информации врз основа на кои би можело правосилно да одлучи за рехабилитацијата, ќе му укаже на лицето да поднесе барање до првостепениот суд, кој по него ќе одлучи по добиено мислење од надлежниот јавен обвинител.

Во одредбите од Законот за правните последици од осудата, казнената евиденција и рехабилитацијата доследно е спроведено начелото според кое никој нема право од граѓаните да бара да поднесат докази за нивната осудуваност или неосудуваност,[40] а такви податоци на лицето може да му се дадат само ако му се потребни за остварување некое право во странство или во меѓународна организација. Лицето може да побара извод од казнената евиденција за себе и при негово кандидирање за Хрватското собрание или во претставничките тела на локалната и регионалната самоуправа и сл. (за остварување пасивно избирачко право).

Работодавците во Хрватска може, во ситуации определени со закон, да побараат податоци од казнената евиденција за засновање работен однос или вршење други работи поврзани со деца. Исто така, надлежните државни органи може да бараат извод од казнената евиденција за граѓани за кои постои таква потреба за извршување на нивните

---

[39] Согласно чл. 13, ст. 4 од Законот, двојни рокови за рехабилитација се предвидени доколку се сторени кривични дела од Глава XVII, кривични дела од член 154 став 1 точка 2; член 154 став 3, член 155 став 2 и член 156 став 1, кога е извршено врз жртва особено ранлива поради нејзината возраст, кривично дело од член 106 ставови 2 и 3 (според Казнениот закон од 2011 година), како и делата од член 175 (2), член 178 (3), член 188 (4) и (5), член 191 (2), член 192, член 193 (2), член 194, член 195, став. 1, став 4, став 5 и став 6, член 196, член 197, член 197а и член 198 од Казнениот закон (Сл. весник 110/97, 27 / 98, 50/00, 129/00, 51/01, 11 /03, 190/03, 105/04, 84/05, 71/06, 110/07, 152 / 08 и 57/11).

[40] Чл. 14 од Законот за правните последици од осудата, казнената евиденција и рехабилитацијата (https://www.zakon.hr/z/554/Zakon-o-pravnim-posljedicama-osude,-kaznenoj-evidenciji-i-rehabilitaciji).

задачи, наместо да се бара од граѓаните самите да доставуваат такви уверенија (потврди).[41]

## 4. Релевантни правни акти на Европската Унија во врска со казнените евиденции

### 4.1 Рамковна одлука на Советот бр. 2009/315/JHA за организацијата и содржината на размената на податоци од казнената евиденција меѓу земјите членки

Согласно спомenатата Рамковна одлука, како казнена евиденција се смета националната евиденција (националните евиденции) во која се впишуваат осудителните пресуди во согласност со националното законодавство.

Еден од основните елементи во системот на водење на казнената евиденција е т.н. централно тело, додека, пак, она што посебно се бара да биде впишано во казнената евиденција заедно со осудителната пресуда е и државјанството на осуденото лице. Земјата членка во која е донесена осудителната осуда треба колку што е можно побрзо да ја извести државата чиј државјанин е осудениот за тој факт. Доколку осуденото лице е државјанин на повеќе земји членки, релевантните информации се пренесуваат до секоја од овие земји членки, дури и ако осуденото лице е државјанин и на земјата членка на чија територија е осудено.

Информациите за менување или бришење податоци содржани во казнената евиденција веднаш се пренесуваат од страна на централното тело на земјата членка во која е донесена осудителната пресуда до централниот орган на земјата членка според државјанството на лицето.

Централното тело, пак, на земјата членка чие државјанство го има осуденото лице, во својата евиденција треба да ги внесе сите информации доставени до неа. Промените и бришењата се вршат на идентичен начин во двете (или повеќе засегнати држави).

Кога се бараат информации од казнената евиденција на земја членка за целите на кривичната постапка против некое лице или за која било цел различна од онаа на

[41] Види чл. 11, 13, 14а, 14б и 14д од хрватскиот Закон за правните последици од осудата, казнената евиденција и рехабилитацијата.

кривичната постапка, централното тело на таа земја членка може, во согласност со нејзиното национално законодавство, да поднесе барање до централното тело на друга земја членка за информации и поврзани податоци од казнената евиденција.

Кога некое лице бара информации за себе од казнената евиденција, централното тело на земјата членка во која е поднесено барањето може да поднесе барање до централното тело на друга земја членка за информации и податоци од казнената евиденција, под услов засегнатото лице да е или да било жител или државјанин на земјата членка што ги бара информациите.

Сите барања до централното тело на земја членка за информации од казнената евиденција се поднесуваат на посебен формулар (образец).

Кога информациите (извод од казнената евиденција) се бараат од централното тело на земјата членка според државјанството на лицето за целите на кривичната постапка, тоа централно тело доставува до централното тело на земјата членка што е барател информации за: пресуди изречени во земјата членка според државјанството на осуденото лице, какви било пресуди изречени во други земји членки што ѝ биле пренесени на земјата по 27 април 2012 година, какви било пресуди изречени во други земји членки што ѝ биле пренесени на државата од која се бара изводот до 27 април 2012 година и запишани во казнената евиденција; сите пресуди изречени во трети земји и последователно пренесени и внесени во казнената евиденција на државата од која се бара изводот.

Кога податоците од казнената евиденција се бараат за која било цел различна од потребите на кривичната постапка, централното тело на државата ќе постапи во согласност со национално законодавство.

Во однос на информациите за пресудите изречени во друга земја членка, а кои се пренесени на земјата членка на државјанството на лицето, централното тело на последната земја членка, во согласност со своето национално законодавство ќе ги пренесе до земјата членка што е барател зачуваните информации и информациите што се доставени до тоа централно тело до 27 април 2012 година и се внесени во казнената евиденција.

При пренесување на информациите, централното тело на земјата членка што ја изрекла осудата може да го информира централното тело на земјата членка според државјанството на лицето дека информациите за пресудите изречени во претходната земја членка и пренесени до централното тело на последната не може повторно да се пренесуваат (доставуваат) за други цели освен за кривична постапка. Во овој случај,

централното тело на земјата членка според државјанството на лицето ќе ја информира земјата членка што е барател за тоа која е другата земја членка што ги пренела таквите информации за да ѝ овозможи на земјата членка што е барател да поднесе барање директно до земјата членка што ја донела осудителната пресуда со цел да добие информации за ваквата осуда.[42]

Кога трета земја бара информации што претставуваат извод од казнената евиденција од централното тело на земјата членка според државјанството на лицето, земјата членка според државјанството на лицето може да одговори во однос на пресудите пренесени од друга земја членка само во рамките на ограничувањата применливи за пренос на информации до други земји членки во согласност со Рамковната одлука.

Кога информациите што претставуваат извод од казнената евиденција се бараат за потреби на казнена постапка од централното тело на земја членка различна од земјата членка според државјанството на лицето, земјата членка од која се бара, ќе пренесе информации за пресудите изречени во замолената земја членка и на пресуди изречени против државјани на трети земји и против лица без државјанство содржани во казнената евиденција под услови предвидени во член 13 од Европската конвенција за заемна правна помош во кривичната материја.[43]

Рамковната одлука предвидува брзо постапување, односно одговорите на барањата треба да бидат доставени од централното тело на замолената земја членка до централното тело на земјата членка што е барател по правило веднаш, но најдоцна во рок од десет работни дена од датумот на приемот на барањето.

Кога на замолената земја членка ѝ се потребни дополнителни информации за да го идентификува осуденото лице на кое се однесува барањето, таа веднаш ќе се консултира со земјата членка што е барател со цел да даде одговор во рок од десет работни дена од датумот на добивањето на дополнителните информации.

Одговорите на барањето за извод од казнената евиденција поднесено од самото засегнато лице се доставуваат во рок од дваесет работни дена од датумот на прием на барањето.

Личните податоци во информациите дадени за целите на кривичната постапка, земјата членка што е барател може да ги користи само за целите на кривичната постапка

[42] В. чл. 7 од Рамковната одлука.
[43] Council of Europe, European Convention on Mutual Assistance in Criminal Matters (1959, ETS No. 030), достапно на: https://rm.coe.int/16800656ce.

за што ѝ е побаран изводот од казнената евиденција, додека, пак, личните податоци дадени за цел различна од онаа на кривичната постапка може да ги користи земјата членка што е барател во согласност со нејзиното национално законодавство само за целите за кои е побаран изводот од казнената евиденција. Притоа, замолената земја членка може да наведе одредени ограничувања во поглед на употребата на личните податоци.

Ограничувања во поглед на користењето на личните податоци не постојат доколку тоа е потребно за спречување непосредна и сериозна закана за јавната безбедност.

**4.2. Одлука на Советот на ЕУ 2009/316/JHA за воспоставување Европски информациски систем за казнена евиденција (ECRIS) врз основа на чл. 11 од Рамковната одлука 2009/315/JHA**

Наведената Одлука се однесува на воспоставување Европски информациски систем за казнена евиденција (ECRIS), како и на елементите на стандардизиран образец (форма) за електронска размена на информации – изводи од казнените евиденции меѓу земјите членки, особено во однос на информациите за кривичното дело поради кое е донесена осудителната пресуда и информациите за содржината на пресудата. Во Одлуката се предвидени и други општи и технички средства за имплементација поврзани со организирањето и олеснувањето на размената на информации.

ECRIS е децентрализиран систем на информатичка технологија (IT-систем) заснован врз базите на податоци за казнена евиденција во секоја земја членка.

Системот ECRIS е составен од следниве два елементи:

1. Софтвер за интерконекција (меѓусебно поврзување) изграден во согласност со заеднички сет на протоколи што овозможува размена на информации помеѓу базите на податоци за казнените евиденции на земјите членки; и

2. Заедничка комуникациска инфраструктура што обезбедува кодирано вмрежување.

Во Одлуката јасно се нагласува дека не станува збор за формирање централизирана база на податоци за казнена евиденција, односно дека сите податоци од казнената евиденција се чуваат исклучиво во базите на податоци на казнената евиденција со кои управуваат земјите членки. Притоа, централните тела на земјите членки немаат директен онлајн пристап до базите на податоци од казнената евиденција на други земји членки, а со цел да се обезбеди доверливост и интегритет на

информациите од казнената евиденција пренесени од едни до други земји членки, се користат најдобрите достапни техники утврдени како такви од страна на земјите членки со поддршка на Комисијата.

Софтверот за меѓусебно поврзување и базите на податоци во кои се зачувуваат, се праќаат и се примаат информации што се извод од казнената евиденција функционираат под одговорност на засегнатата земја членка.

Заедничката комуникациска инфраструктура, пак, функционира под одговорност на Комисијата и мора да ги исполнува безбедносните барања и целосно да одговара на потребите на системот ECRIS. Тоа е комуникациска мрежа од типот „S-TESTA“. Доколку се употреби алтернативна безбедна мрежа, треба да се осигури дека воспоставената заедничка комуникациска инфраструктура и натаму ќе ги исполнува претходно споменатите услови.

Со цел да се обезбеди ефикасно функционирање на системот ECRIS, обврска на Комисијата е да обезбеди општа поддршка и техничка помош, вклучително и собирање и изготвување потребни статистички податоци и референтен софтвер за имплементација.

Секоја земја членка ги сноси сопствените трошоци што произлегуваат од имплементацијата, администрацијата, употребата и одржувањето на нејзината база на податоци за казнената евиденција и софтверот за интерконекција (меѓусебно поврзување). Трошоците, пак, за имплементацијата, администрацијата, користењето, одржувањето и развојот на заедничката комуникациска инфраструктура на системот ECRIS, како и имплементацијата и идните развојни работи на референтниот софтвер за имплементација ги покрива Европската комисија.

При пренесувањето информации во врска со називот или правната класификација (систематика) на кривичното дело, земјите членки се повикуваат на соодветната шифра за секое од делата, на релевантната или најблиската категорија кривични дела или, во отсуство на второто, кодот за „други дела“.

Земјите членки, исто така, може да дадат достапни информации во врска со стадиумот на извршување на делото (обид, довршено дело...) и нивото (обликот) на учество во делото (извршител, поттикнувач, помагач) за постоењето целосно или делумно ослободување од кривична одговорност или за рецидивизам.

Кога се пренесуваат, пак, информации во врска со содржината на пресудата, особено за казната, како и сите дополнителни (споредни) санкции, безбедносни мерки и дополнителни одлуки со кои се менува извршувањето на казната, земјите членки се

повикуваат на соодветниот код за секоја од казните и мерките. По исклучок, кога казната или мерката не соодветствува со некоја специфична супкатегорија, се користи кодот „отворена категорија“ на соодветната или најблиската категорија казни и мерки или кодот „други казни и мерки“.

Земјите членки, исто така, обезбедуваат, доколку е можно тоа, достапни информации во врска со природата и/или условите за извршување на изречената казна или мерка.

Со цел олеснување на целиот процес, обврска на земјите членки беше да обезбедат листа на информации до Генералниот секретаријат на Советот, меѓу другото, со цел да се подготви необврзувачки прирачник за практичарите.

Листата на потребни информации го опфаќа следново:

- список на кривични дела според националното законодавство во секоја од категориите опфатени со Одлуката, и тоа, назив, правна класификација (систематика) на делото и повикување на важечките законски одредби, а може да биде вклучен и краток опис на конститутивните елементи на делото;

- список на видовите казни, можните дополнителни (споредни) казни и мерки на безбедност и можните дополнителни одлуки со кои се менува извршувањето на казната, при што може да се вклучи и краток опис на конкретната казна или мерка.

*

Во 2019 година Рамковната одлука бр. 315 од 2009 година е изменета и дополнета со Директивата ЕУ 2019/884 со која истовремено се заменува и Одлуката на Советот бр. 316 од 2009 година, што ќе се применува од 28.6.2022 година, до кога земјите - членки на ЕУ имаат рок да ги спроведат сите законски процедури, односно да го усвојат сите потребни легислативни акти за усогласување со оваа Директива.[44]

**5. Дискусија**

На македонскиот систем на рехабилитација дефинитивно му е потребна реформа. Несомнено, овој институт е поврзан со бришењето на осудата од казнената евиденција

[44] Directive (EU) 2019/884 of the European Parliament and of the Council of 17 April 2019 amending Council Framework Decision 2009/315/JHA, as regards the exchange of information on third-country nationals and as regards the European Criminal Records Information System (ECRIS), and replacing Council Decision 2009/316/JHA, Official Journal of the European Union, L 151/143

и со самото водење на казнената евиденција. Недоследности може да се забележат и во односот со институтот правни последици од осудата.

Од компаративната анализа, несомнено, произлегува дека британскиот систем се чини прилично строг поради фактот што воопшто не се предвидува бришење на осудата на пресуди на казна затвор над 4 години, па така, произлегува дека не е можна и рехабилитација на лицата осудени на казна затвор во подолго времетраење. Иако не отсуствуваат такви осуди, треба да се има предвид и фактот дека казнената политика во Велика Британија е во насока на фаворизирање на незатворските санкции (санкции што се извршуваат во заедницата), па само за илустрација, треба да се истакне дека, на пример, според податоците објавени во јуни 2019 година, за период од една година наназад, 90 % од изречените санкции биле алтернативни, односно незатворски.[45] Со други зборови, затворските казни се поретко застапени, па така и лицата што ќе бидат засегнати со решението според кое не е можна рехабилитација, исто така ќе бидат помалку, споредено со осудените лица што не добиле затворска казна.

Словенечкиот систем на рехабилитација е сосема различно поставен од нашиот, иако имаме заедничка правна историја. Во поглед на осудите за кои е можна рехабилитација (казна затвор не повисока од 15 години), предвидена е законска рехабилитација за сите видови санкции и за сите висини на казната (времетраење на затворската казна), додека, пак, судската рехабилитација е предвидена како исклучок што може да доведе до побрза рехабилитација и директно е врзана со рокот предвиден за настапување на законската рехабилитација.

И Германија има слично решение во поглед на законската рехабилитација во смисла на тоа што предвидува различни рокови за нејзино настапување за сите видови санкции и парична казна. Повисоки рокови се предвидени за сексуални деликти, особено кон деца, нешто што како пример го следеле и Хрватите при креирањето на роковите за законска рехабилитација.

Се чини дека хрватското решение е најдобро, а начинот на решавање на оваа сфера со посебен законски акт, детално и минуциозно, резултира со поголема заштита на граѓаните во поглед на нивните права, од една страна, а од друга страна, со целосно растоварување на судовите со самиот факт што казнената евиденција ја води Министерството за правда, а судска рехабилитација речиси и не постои, односно

[45] Mann, R., Bermingham, R., Non-custodial sentences, UK Parliament, Research Briefing, 2020, достапно на: https://post.parliament.uk/research-briefings/post-pn-0613/.

воопшто не постои во смисла на системот што го познава нашето законодавство. Целиот процес е крајно формален и објективизиран и рехабилитацијата *ex lege* се констатира *ex officio*, а пропуштањето на институцијата да ја донесе навремено соодветната одлука не значи дека граѓанинот не е рехабилитиран само затоа што институциите потфрлиле, иако поминал законскиот рок за настапување рехабилитација.

Посебен проблем во Република Северна Македонија е водењето на казнената евиденција и неконзистентноста во примената на одредбите од Кривичниот законик и Судскиот деловник. Принципот дека „никој нема право од граѓаните да бара да поднесат докази за нивната осудуваност или неосудуваност“, кој е јасно востановен во Кривичниот законик, грубо се повредува секој ден во голема мера со самиот факт што голем број граѓани бараат и добиваат уверенија за неосудуваност за потреби и остварување права во државата, а не само за странство, иако Кривичниот законик предвидува такви податоци на лицето да му се дадат само ако му се потребни за остварување некое право во странство.[46]

Иако многу закони од различни области го предвидуваат условот на неосудуваност за засновање работен однос во определени сфери или за добивање определена функција, засегнатите институции и јавни установи или приватни правни лица се тие што треба да се обратат за изводи од казнената евиденција за лицата што ќе ги ангажираат или ќе ги вработат, како што е предвидено во хрватското законодавство, а не самите граѓани лично да треба да доставуваат вакви документи, и тоа со финансиски импликации по нив (плаќање судски такси).

Навраќајќи се на прашањето за законската рехабилитација, спорна е одредбата од Законот за кривичната постапка, односно решението според кое при донесување решение за законска рехабилитација од страна на судот е потребно мислење од јавниот обвинител. Законската рехабилитација, како што повеќе пати нагласивме и како што кажува самиот назив, настапува *ex lege* – по сила на закон и воопшто не се навлегува во што било, освен во исполнетоста на законските услови. Оттука, за нешто што на граѓанинот му следува по сила на закон не е релевантно ничие мислење, па дури ни на судот или обвинителството, ниту судот е врзан за ваквото мислење, а таквата обврска само непотребно ги оптоварува јавните обвинители.

Неконзистентност постои и во одредбата од чл. 102, ст. 2 од Кривичниот законик, која предвидува правните последици од осудата да траат најмногу десет години. Имено,

[46] Кривичен законик, чл. 106, стр. 5 и 6.

со оглед на фактот што за некои осуди на казна затвор, рехабилитација може да настапи по период подолг од десет години, тоа практично ќе значи дека лицето може формално да не е рехабилитирано, а правните последици веќе да не смее да се манифестираат поради истекот на крајниот рок предвиден со закон. Во практиката, најверојатно, резултатот ќе биде спротивен, односно поради фактот што не настапила рехабилитација и не е избришана осудата, лицето да не може да извади уверение/потврда за неосудуваност и да дојде до правна последица од осудата (на пример, неможност да се вработи на определена позиција) иако изминале десет години.

## 6. Заклучок и препораки

Врз основа на изнесеното во анализата и од дискусијата, може да заклучиме дека не постои унифициран начин на уредување на материјата на рехабилитацијата, водењето на казнената евиденција и бришењето на осудата од неа, а и односот на рехабилитацијата и правните последици од осудата не е конзистентен.

Врз основа на тоа, клучното прашање е каков систем ни одговара нам, како држава? Факт е дека законската рехабилитација во практиката во голема мера не функционира затоа што судовите *ex officio* речиси никогаш и не носат таква одлука, односно како по правило постапуваат дури кога засегнатото лице ќе го побара тоа. Второ, одлучувањето во постапки за судска рехабилитација, исто така, одзема значајно време и ресурси и секогаш вклучува судска слобода во одлучувањето, се разбира, врз основа на релевантни факти и околности.

Предлагаме измени на Кривичниот законик и на Судскиот деловник по сеопфатна анализа и востановување нов концепт во врска со казнената евиденција, па дури и активности во врска со реформи во оваа сфера со насока на усогласување со решенијата од релевантното законодавство на ЕУ: Рамковната одлука 315 од 2009 година и Одлуката на Советот 316 од 2009 година.

Можеби е време да се размислува и за тоа кое би било централното тело за водење на казнената евиденција на начин унифициран со другите европски држави (класификација на делата според кодови, категории и сл.), а во согласност со принципите на споменатите одлуки на ЕУ. Дали посебно одделение во рамките на Министерството за правда што би се занимавало исклучиво со оваа материја, а базата би ја „хранело“ со податоци доставени од судовите и од други надлежни институции (по примерот на

Хрватска), значително би ги растоварило судовите чии капацитети би биле посоодветно искористени за побрзо постапување по предметите од нивна надлежност, односно вршење на суштинската судиска работа?!

Се предлагаат измени на одредбите од Кривичниот законик и предвидување рокови за настапување рехабилитација *ex lege* за сите видови санкции и казни и за казната затвор, во колкаво и да е времетраење, а не само за пократките затворски казни, се разбира, со предвидување подолги рокови за подолготрајните затворски казни.

Во таа смисла, се предлага роковите за рехабилитација да изнесуваат:

- за осудителна пресуда со која е изречена алтернативна мерка (освен условна осуда), споредна казна како самостојна санкција или ослободување од казна – една година од правосилноста на пресудата;
- за изречена условна осуда – една година од истекот на времето на проверување;
- за изречена казна затвор до 6 месеци (кратка казна затвор) – една година;
- за изречена парична казна или казна затвор до една година – три години;
- за казна затвор над една година до три години – пет години;
- за казна затвор над три години до пет години – осум години;
- за казна затвор над пет до десет години – десет години;
- за казна затвор над десет до дваесет години – дваесет години;
- за казна долготраен затвор – дваесет и пет години.

Доколку законодавецот смета дека судот би требало да задржи дел од надлежностите во поглед на одлучување за настапување рехабилитација (судска рехабилитација), може да се прифати словенечкото решение за судска рехабилитација, во смисла на тоа дека судот може да одлучи да настапи рехабилитација и пред истекот на рокот предвиден со закон.

Сепак, бришењето на опцијата за судска рехабилитација (освен за неосновано осудени лица), како што е тоа предвидено во некои држави, би ги ослободило судовите од одлучување за прашања што би требало да се решат на прилично технички и формален начин. Иако за некои претставници од практиката на прв поглед се чини дека е неправедно да се рехабилитира *ex lege* некој што е осуден на 20 или 40 години (што само по себе значи дека извршил тешко кривично дело), треба да се има предвид фактот дека за вакви осуди, рокот за рехабилитација и бришење на осудата по правило е долг, односно би требало да изнесува 20, односно 25 години, што во практиката хипотетички би значело дека лице осудено на 20 години затвор на негова, на пример, триесетгодишна возраст, би било рехабилитирано на возраст од над седумдесет години, а ако осудениот

е повозрасен од тоа или ако станува збор за 40-годишна затворска казна, би бил рехабилитиран на возраст од над деведесетина години или воопшто и не би дочекал да биде рехабилитиран за време на животот.

Останува на законодавецот, во консултација со експерти од правната наука и од практиката, да го обликува најсоодветниот модел согласно можностите и околностите во нашата држава и нашиот систем, но имајќи ги предвид и општите постулати и заштитата на човековите слободи и права.

Не треба да заборавиме дека неможноста за рехабилитација може да стане сама по себе доживотна казна за многу лица ако се имаат предвид правните последици од осудата, *а ако судот не изрекол доживотна казна на некое лице in concreto, зошто би требало тоа, на некој начин, да го овозможи законодавецот, и тоа in abstracto?!*

Навраќајќи се на прашањето за законската рехабилитација, потребни се и измени на Законот за кривичната постапка во смисла на бришење на одредбата, според која при донесување решение за законска рехабилитација, потребно е да се изјасни јавниот обвинител поради причините наведени погоре во дискусијата.

Ревизија е потребна и на одредбата од чл. 102, ст. 2 од Кривичниот законик, според која правните последици од осудата може да траат најмногу десет години и да се предвиди усогласување на роковите за рехабилитација и правни последици од осудата, бидејќи односот на овие два институти се заснова врз идејата со настапување на рехабилитацијата да престанат и самите правни последици од осудата.

**БИБЛИОГРАФИЈА**


- Burton, Alexander L., Cullen, Francis T., Pickett, Justin T., Burton, Jr. Velmer S., Thielo, Angela J., Beyond the eternal criminal record: Public support for expungement, Criminology & Public Policy, American Society of Criminology, 2021, 20: 123-151

- Dragičević Prtenjača, M., Lice i naličje pravnih posljedica osude u Hrvatskoj, ZPR 8 (3) 2019; 211-235, достапно на: https://hrcak.srce.hr/file/356818

- Jacobs, B. James, The Eternal Criminal Record, Harvard University Press, 2015, ISBN 9780674368262

- Jakšić, D. Pehabilitacija u krivičnom pravu Srbije, UDK: 343.294, достапно на: https://scindeks-clanci.ceon.rs/data/pdf/0354-8872/2014/0354-88721402187J.pdf

- Камбовски, В., Казнено право – општ дел, Скопје, 2011

- Kurtović Mišić i dr. (2010), Novosti kod instituta pomilovanja, pravnih posljedica osude, rehabilitacije i davanja podataka iz kaznene evidencije, Hrvatski ljetopis za kazneno pravo i praksu, vol. 19, br. 2, 720-725

- Mann, R., Bermingham, R., Non-custodial sentences, UK Parliament, Research Briefing, 2020, достапно на: https://post.parliament.uk/research-briefings/post-pn-0613/Jović, M., Krivično pravo – opšti deo, Beograd, 2008

- Prescott, J.J., Starr, B. Sonja Expungement of Criminal Convictions: An Empirical Study, University of Michigan 2020, достапно на: https://repository.law.umich.edu/articles/2165

- Toplak, Jurij, The ECHR and the right to have a criminal record and a drink-drive history erased, Strasbourg Observers, 2020, достапно на: https://strasbourgobservers.com/2020/05/20/the-echr-and-the-right-to-have-a-criminal-record-and-a-drink-drive-history-erased/

- Act on the Central Criminal Register and the Educative Measures Register, достапно на: https://www.gesetze-im-internet.de/englisch_bzrg/englisch_bzrg.html

- Bundeszentralregistergesetz – BZRG, Federal Central Criminal Register Act (Federal Law Gazette I, p. 1229, 1985 I, p. 195), изменет во 2020 (Federal Law Gazette I, p. 2075).

- Gaughran v. the United Kingdom, достапно на: hudoc.echr.coe
- European Convention on Human Rights, достапно на: https://www.echr.coe.int/documents/convention_eng.pdf
- Zakon o odgovornosti pravnih osoba za kaznena djela, pročišćeni tekst zakona, NN 151/03, 110/07, 45/11, 143/12, достапно на: https://www.zakon.hr/z/110/Zakon-o-odgovornosti-pravnih-osoba-za-kaznena-djela
- Zakon o pravnim posljedicama osude, kaznenoj evidenciji i rehabilitaciji, pročišćeni tekst zakona, NN 143/12, 105/15, 32/17, достапно на: https://www.zakon.hr/z/554/Zakon-o-pravnim-posljedicama-osude,-kaznenoj-evidenciji-i-rehabilitaciji
- Закон за кривичната постапка, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/10, 100/12, 142/16 и 198/18
- Кривичен законик, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18
- Kazenski zakonik (KZ-1-NPB4), (неофицијален пречистен текст), чл. 82-84, достапно на: https://zakonodaja.com/zakon/kz-1/82-clen-zakonska-rehabilitacija-in-izbris-obsodbe. Во основниот закон нумерацијата на овие членови е 102-104, види на: http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO905
- Kazneni zakon Hrvatske, NN 125/11, 144/12, 56/15, 61/15, 101/17, 118/18, 126/19, 84/21, достапно на: https://www.zakon.hr/z/98/Kazneni-zakon
- Legal Aid, Sentencing and Punishment of Offenders Act 2012, UK Public General Acts, 2012, достапно на: https://www.legislation.gov.uk/ukpga/2012/10/part/3/chapter/8
- Rehabilitation of Offenders Act 1974, UK Public General Acts 1974, c.53, достапно на: https://www.legislation.gov.uk/ukpga/1974/53/section/4/enacted
- Strafgesetzbuch, чл.12, достапно на: https://www.gesetze-im-internet.de/stgb
- Trajkovski and Chipovski v. North Macedonia, достапно на: hudoc.echr.coe
- Council of Europe, European Convention on Mutual Assistance in Criminal Matters (1959, ETS No. 030), достапно на: https://rm.coe.int/16800656ce

**Prof. Dr.sc. Aleksandra Deanoska Trendafilova**[47]

# REHABILITATED FROM THE CONVICTION OR FORGOTTEN IN THE CRIMINAL RECORDS?

(On the need to establish a new concept of rehabilitation of convicted persos in the Macedonian criminal legislation)

**Abstract**

*The subject of analysis of this paper is the criminal law institute for rehabilitation of convicts. With the onset of rehabilitation, convicts return to society as previously unconvicted, the legal consequences of the conviction cease, and the data on the person and the conviction themselves are expunged from the criminal record. Rehabilitation can occur ex lege (legal rehabilitation) and by court decision (judicial rehabilitation). The author of the paper presents findings from previous research and other relevant sources, analyzes the Macedonian legal framework, the legislation of several foreign countries, and elaborates the EU legal acts related to this matter or complementary institutes. Finally, based on the whole analysis and discussion, the author recommends amendments of the provisions of the Criminal Code (and other legal regulations) by proposing a fundamentally different concept from the previous one.*

**Keywords: rehabilitation, conviction, expungement, records.**

---

[47] Full professor at the Institute of Criminal Law, Faculty of Law "Iustinianus Primus", Ss. Cyril and Methodius University - Skopje.